**Olympia**MOTORS

**До**
**Царинска управа**

Датум, 27.09.2019 год.

Почитувани,

Согласно поканата и нашето присуство на презентацијата на Предлог закон за даночење на возила и новините кои се содржани во истиот, на ден 19.09.2019 година, го поднесуваме следното мислење.

Имено констатираме дека:

1. До сега во законот постоеше акциза како една дополнилтена давачка на увезените возила и зависеше од вредноста на возилото. **Со новиот закон наместо 1 давачка се предвидуваат 2 давачки** односно наместо постоечката на вредноста, сега ќе има давачки и на вредноста и на емисијата ЦО2, што не става во неповолна ситуација.

2. Според новата регулатива **електричните и хибридните возила од секаков тип** не се изземени од плакање на давачки. Европската практика вели дека секоја држава стимулира купување на ваков тип на возила, каде не само што нема давачки туку има и субвенции за купување на истите. За ЦО2 емисијата е прифатливо да се плаќа данок/такса, но да се плаќа данок на вредноста на возилото е комплетно нефункционално и дестимулирачко. Продажбата на хибридни и електрични возила е нешто што тек сега заживува во Македонија, а со ваквиот начин на третман возилата ке бидат повторно прескапи и целта да се стимулира да се купуваат еколошки возила нема да се реализира.

   Примери за добри практики е Словенија која дава субвенција од 7500€ за електрично возило и 2000€ за plug-in hibrid со емисија од 50CO2/km. Дополнително за возила со стандард EURO6 има 50% попуст на давачките.

   Доколку ние како држава се стремиме да го обновиме возниот парк и да имаме поеколошка средина за живеење треба до 100CO2/km да нема воопшто давачки, ако сепак нашата главна цел како што велите е да се заштитиме од увоз на возила кои се во црвена зона односно над 200 ЦО2/км.

3. За **новите стапки** кои се прикажани во прегледите, како коефициент на вредноста и коефициент на ЦО2 засега неможе да се коментира дали се исправни или не. Во секој случај нашето мислење е дека доколку се покачат цените на возилата и на новите возила како и на половните возила кои се премиум класа и се од поново годиште, оваа мерка ке биде само дестимулативна за сите потрошувачи во РМ.
   Би било одлично доколку ги погледнете подолните две возила кои се од бренд Мерцедес и за кои до сега се плаќаше 0.50% на вредност до 3.500€ (позиција 2). Сега што е ново ке се плаќа и данокот за ЦО2 што во овој случај незнаеме колкав ке биде согласно што ги немаме податоците.
   Од друга страна имаме хибрид за кој до сега не се плаќаше акциза и че биде потребно да плаќаме и данок на вредноста и данок на ЦО2 што прилично ќе ја поскапи вредноста на возилото.

**Olympia**MOTORS

Со ваквата политика дефинитивно нема да се стимулира купувањето на еколошки возила, кои наместо да поефтинуваат заедно со новите возила ќе бидат поскапи.

**Позиција 1:** Mercedes C300 Hybrid, 2016, EURO6, 95g CO2/km Vrednost 22.000€
**Позиција 2:**Mercedes E220, 2005 godina, EURO4, 200g CO2/km Vrednost 3.500€

Со почит,

Олимпиа Моторс Доо – Скопје
Светлана Пљакоска
Управител